УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

# ВОСТАНИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2015

*Издавач:*
Филозофски факултет – Скопје

*За издавачот:*
Горан Ајдински

*Уредник:*
Ратко Дуев

*Рецензент:*
проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев

*Автори:*
проф. д-р Виолета Ачкоска
проф. д-р Александар Атанасовски (стр.)
проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев
проф. д-р Далибор Јовановски
доц. д-р Никола Минов
доц. д-р Стефан Пановски

*Лектура:*
Здравко Корвезировски

*Дизајн на корица:*
Ратко Дуев

*Компјутерска подготовка:*
Ратко Дуев

*Печати:*
Мар–Саж Ташко ДООЕЛ Скопје

*Тираж:*
500

Изданието е објавено со финансиска поддршка на
Министерството за култура на Република Македонија

---

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

323.22(497.7)
94(497.7)

ВОСТАНИЈАТА во Македонија / [уредник Ратко Дуев]. - Скопје :
Филозофски факултет, 2015. – 342 стр. ; 23 см

ISBN 978-608-238-091-9

а) Востанија – Македонија б) Македонија – Историја
COBISS.MK-ID 100272906

# Содржина


Предговор 7

АНДРИСК И IV МАКЕДОНСКА ВОЈНА (149–148 ст.е.)
• *Стефан Пановски* 9

ВОСТАНИЕТО ВО СОЛУН (390)
• *Александар Атанасовски* 25

ВОСТАНИЈАТА НА КОМИТОПУЛИТЕ (969 и 976.)
• *Александар Атанасовски* 33

ВОСТАНИЕТО НА ПЕТАР ДЕЛЈАН (1040–1041)
• *Александар Атанасовски* 55

ВОСТАНИЕТО НА ЃОРЃИ ВОЈТЕХ (1072–1073)
• *Александар Атанасовски* 65

ВОСТАНИЕТО НА ЗИЛОТИТЕ ВО СОЛУН (1342–350)
• *Александар Атанасовски* 73

КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ (1689)
• *Ванчо Ѓорѓиев* 81

ХАЛКИДИЧКОТО ВОСТАНИЕ (1821)
• *Никола Минов* 95

НЕГУШКОТО ВОСТАНИЕ (1822)
• *Никола Минов* 105

ВОСТАНИЕТО НА ДЕРВИШ ЦАРЕ (1843–1844)
• *Далибор Јовановски* 117

ВОСТАНИЕТО НА КАРАТАШО НА ХАЛКИДИК (1854)
• *Далибор Јовановски* 129

РАЗЛОВЕЧКОТО ВОСТАНИЕ (1876)
• *Далибор Јовановски* 143

МАКЕДОНСКОТО ВОСТАНИЕ (1878–1879)
• *Никола Минов* 157

ЧЕТНИЧКАТА АКЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ КОМИТЕТ (1895)
• *Ванчо Ѓорѓиев* 177

ГРЧКАТА АНДАРТСКА ПРОВОКАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА (1896)
- *Далибор Јовановски* 189

ВРХОВИСТИЧКАТА ВОСТАНИЧКА ПРОВОКАЦИЈА (1902)
- *Ванчо Ѓорѓиев* 201

ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ (1903)
- *Ванчо Ѓорѓиев* 219

ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ (1913)
- *Далибор Јовановски* 245

ОХРИДСКОТО ВОСТАНИЕ (1913)
- *Никола Минов* 259

АНТИФАШИСТИЧКОТО ВОСТАНИЕ И НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД (1941–1944)
- *Виолета Ачкоска* 269

# Предговор

„The insurgent movement is a genuine Macedonian movement, prepared by Macedonians... There is hardly a village that has not joined the organization"[1]

Востанијата се историска неминовност на територијата на Македонија, место каде од антиката па сè до современието се вкрстувале разни интереси, миграции, поради важноста на природната копнена комуникација на Истокот и Медитеранот со останатите делови од Европа. Еден природен мост, кој за жал на населението кои живеело на таа територија му носел несигурно опстојување, насилно владеење, проследено со многу терор и крвопролевање. Но стекнатата културна и јазична посебност, будела постојан стремеж кон отфрлање на сите освојувачи, историја проследена со многу востанија, обиди да се зачува посебноста на нејзиното население, неговата долга културна традиција, потиснуван со најсурови методи од неговите освојувачи: геноцид, масакри, прогони, логори и многу други нешта што ја надминуваат дури и дефиницијата за „злосторства против човештвото" утврдена од сиот цивилизиран свет. Но, како „пиреј", семето на тој стремеж, никој не успеал да го сотре, за што сведочи и ова дело, напишано од автори родени на таа територија, на јазик чија придавка е изведена од нејзиното име.

Ова дело нуди еден научен и хронолошки преглед на востанијата на територијата на Македонија од антиката па сè до Втората светска војна, кога востанието довело до создавање на современата македонска држава, во кое се вткаени искуствата, легендите и традицијата, но и стремежот на претходните востанија, страдањата на многу генерации, за остварување на вековниот сон – Независна Македонија.

Балканската историја е обременета со националните желби на неговите народи, затоа споредбата со обемната литература напишана на соседните балкански јазици во голема мера ја искривуваат сликата за учеството на Македонците во одредени востанија на останатите народи во соседството, особено востанијата

[1] H. Brailsford, *Macedonia: Its Races and Their Future*, 1906, p 113.

организирани од самите Македонци во текот на XIX век и првата половина на XX век. Оваа книга нуди едно објективно читање на историјата, анализа на причините, поводите и последиците од обидот населението да се ослободи од ропството, но и преглед на намерните провокации да се спречи можноста за успешност на силниот организиран отпор, поткрепено со архивски извори и анализи објавени од разни новинари, научници, дописници, конзули од европските земји, споредно со статии и дела напишани од еминенти домашни и странски историчари.

„Востанијата во Македонија" е четиво кое е наменето, не само за студенти и проучувачи на историјата, туку и за пошироката македонска читателска публика, кои во една непосредна комуникации со авторите на прилозите во неа, можат да стекнат сознанија за најважните востанија на територијата на Македонија во еден широк временски простор.

За поткрепа на ставовите на авторите во оваа книга и нивниот научен и непристасен научен метод, наспроти разните претпоставки на соседните историографии, покрај многуте факти, зборува и забелешката на поетот и политичар Ален Апворд за обидите на искривување на фактите: „I asked what language they spoke and my Greek interpreter carelessly rendered the answer Bulgar. The man himself had said Makendonski..."[2].

Јасно е сведоштвото на британскиот капетан Еванс,[3] кој имала задача да ја информира разузнавачката служба на Британската армија за состојбата во Егејска Македонија при крајот на Втората светска војна во 1944 г. и покрај претходната обука и информации од својата служба, неговата констатација била: „...Macedonian patriotism is not artificial; it is natural, a spontaneous and deep-rooted feeling which begins in child-hood, like everyone else's patriotism..."

*Рашко Дуев*

---

[2] A. Upward, *The East End of Europe*, London, 1908, p 204.

[3] Capt. P. H. Evans, Force 133, Ref map: GREECE 1/100,000, Sheets, D. IV and D.

# Андриск и IV македонска војна (149–148 ст. е.)

*Стефан Пановски*

По битката кај Пидна и завршувањето на III Македонска војна, легиите се вратиле во Италија, и нема да се појават од другата страна на Јадранското море во следните две децении (со исклучок на кратката војна во Далматија). Се чинело дека бурата што го зафатила хеленистичкиот свет кон крајот на III век ст.е. конечно стивнува. Но, ова не значело и дека хеленистичките држави може да се вратат на своите стари политики, зашто по 168 г. ст.е. состојбата радикално се разликувала од онаа половина век претходно. Како што ќе се покаже, Селевкидите никогаш нема вистински да се опорават од поразот кај Магнесија и повлекувањето од Мала Азија. Последната шанса за надоместување на загубата на богатите територии во Мала Азија пропаднала кога Антиох IV, под притисок на Рим бил принуден да се повлече од Александрија и Египет. Наскоро по неговата смрт, колку под притисок на надворешните непријатели, толку и поради внатрешната нестабилност и династичките борби државата на Селевкидите незапирливо ќе почне да тоне сè до својот конечен крај во I век ст.е. Државата на Лагидите пак, веќе и онака ослабната од големото востание во Египет и од тешките удари што ѝ ги задале Антиох III и Антиох IV, претставувала само бледа сенка на онаа од времето на првите Лагиди. Иако крајот на Лагидите ќе биде неспоредливо подраматичен од оној на Селевкидите, нема никакво сомнение дека во текот на II век ст.е. тие го загубиле статусот на голема сила.

Но, колку и да биле ослабени и со какви тешкотии и да се соочувале, и Лагидите и Селевкидите можеле да се тешат со тоа што сè уште воопшто и имале свои држави, за разлика од македонската монархија која по битката кај Пидна и заробувањето на кралот Персеј престанала да постои. Официјално, крајот дошол во 167 г. ст.е., кога на делегатите собрани во Амфипол Ајмилиј Паул им го изложил системот што го разработил заедно со десетчлената сенатска комисија. Иако повеќе аспекти и детали од овој систем остануваат нејасни, во оваа прилика нема потреба да се навлегува во проблематиката. Покрај разните економски рестрикции, државата била поделена на четири административни области – мериди, при што било какво поврзување меѓу нив било

забрането. Третата мерида била целосно разоружана, а останатите три имале дозвола да држат само малубројни одреди за заштита на границите. Истовремено, македонските првенци кои во минатото верно им служеле на кралевите биле принудени да ја напуштат земјата, со што државата била лишена и од најискусните и најспособни државници. На крајот, Македонците морале да плаќаат данок чија сума изнесувала половина од данокот што го плаќале на кралевите. Главната цел несомнено била да се спречи било каква можност од возобновување на македонското кралство, кое се покажало како најжилав и најжесток противник од хеленистичките држави. Римјаните очигледно процениле дека донесените мерки со кои државата фактички била распарчена, разоружана и обезглавена, се доволна гаранција дека во иднина нема да се соочат со нови проблеми во Македонија. На заминување, Ајмилиј Паул ги „опоменал Македонците да ја чуваат слободата подарена од Римјаните, да ги почитуваат законите и да живеат во слога“ (Plut., Aem. Paul., 29.1). Можеме само да се прашуваме што мислеле Македонците за ваквата слобода со која им биле наметнати тешки ограничувања и што им била подарена откако била уништена нивната монархија.

За жал, поради крајно фрагментарната состојба со изворите за овој период, не знаеме речиси ништо за состојбата во Македонија во годините по 167 г. ст.е. Според Полибиј (36.17.13), самите Македонци признавале дека ропството го замениле со слобода, а истовремено престанале и големите немири во некои градови и меѓусебните убиства. Заклучокот несомнено е идеализиран и ја одразува официјалната римска пропаганда. Од Полибиј, кој и самиот бил истакнат државник во Ахајскиот сојуз, а потоа и близок пријател на Скипион Ајмилијан, кој речиси никогаш не е способен да го земе предвид македонското гледиште и чиј презир за Антигонидите (особено Филип V и Персеј) е сосема очигледен, веројатно и не може повеќе да се очекува. Всушност и тој на друго место во својата Историја признава дека Македонците бидејќи не биле навикнати на демократски и изборни институции започнале меѓу себе да се расправаат (31.2.12). Без разлика како ќе го сфатиме ова (во современата наука често дискутирано) толкување на Полибиј за причините за немирите, очигледно е дека состојбата не била толку стабилна како што тој би сакал да веруваме. Во секој случај, работите биле доволно сериозни за во 163 г. ст.е., Сенатот да им нареди на пратениците чија крајна цел била Сирија, да ја испитаат ситуацијата и во Македонија. Во тој период дознаваме и за некој Дамасип, кој откако во Факос убил дел од синедрите (или пак сите?) од третата мерида, успеал да побегне од Македонија. Бидејќи овој настан само попатно е споменат во

сочуваниот дел од историјата на Полибиј, невозможно е да се одговори на прашањето за мотивите и целите на Дамасип – дали станувало збор за индивидуален потфат или пак за заговор, дали е во прашање политичка борба или пак израз на отпор кон новиот систем со промонархиски контекст, дали токму убиството на членовите на синедрионот е повод за испраќањето на сенатската комисија? Врз основа на расположливите извори можеме само да спекулираме. Неколку години подоцна (158 ст.е.) забраната за користење на златните и сребрените рудници била повлечена. Дали целта на Сенатот била да се подобри економска ситуација, а со тоа и да се ублажат внатрешните тензии повторно не може да се одговори, што и не е толку важно зашто проблемите несомнено продолжиле. Имено, само неколку години подоцна (151 г. ст. е.), Македонците го повикале лично Скипион Ајмилијан – синот на Ајмилиј Паул – да дојде во Македонија и да им помогне во разрешувањето на внатрешните неприлики. Иако не знаеме од кого точно дошла поканата, фактот што иницијативата потекнала од Македонците, кои очигледно процениле дека не можат самите да ги разрешат проблемите говори за сериозноста на ситуацијата. Во секој случај, изгледа дека во прв миг Скипион бил подготвен да ја прифати поканата, но во последен момент ја сменил одлуката и одлучил да служи во Хиспанија. Кој и дали воопшто некој го презел неговото место не знаеме.

Иако од овие неколку изолирани информации не може да се изгради детална слика за собитијата во Македонија, тие сепак се доволно јасно сведоштво дека меридите се соочувале со сериозни внатрешни потешкотии. Но, и покрај тоа, Сенатот главно ја игнорирал ситуацијата и со исклучок на пратеништвото во 163 г. ст.е. и отворањето на рудниците неколку години подоцна, се чини дека не презел никакви чекори за смирување на тензиите. Ваквиот однос кон Македонија бил во огласност со римската политика кон хеленистичките држави во годините по битката кај Пидна. Меѓутоа, тоа не значи дека Сенатот сосема го загубил интересот за случувањата во хеленистичкиот свет – напротив, токму Рим ја пополнил празнината што се создала со падот на македонската монархија и постојаното слабеење на Селевкидите и Лагидите. Дека Рим го водел главниот збор во меѓународната политика им било повеќе од јасно на сите. За ова сведочат безбројните пратеништва од хеленистичките држави што постојано пристигале во Рим, а секако најречит пример што ја отсликува новата политичка реалност во која дејствувале хеленистичките државници (или барем оние повнимателните) е познатото писмото на Атал II од Пергам до свештеникот Атид, во кое ги образложува причините поради кои не е мудро да се преземаат

било какви посериозни потфати без претходно да се консултира Сенатот (RC no.61).

Според тоа, пасивноста на Рим не се должела толку на незаинтересираност, колку на преокупираност со други поважни проблеми – сè додека инструкциите од Сенатот можеле да се спроведат со пратеништва и комисии, немало потреба од директна воена интервенција. Со оглед на развојот на состојбите на запад и исток кон средината на II век ст.е., ништо не упатувало на помисла дека римската политика кон хеленистичките држави наскоро ќе се смени. Навистина, тензиите сè повеќе растеле во Хелада, особено во Ахајскиот сојуз, а и ситуацијата во Македонија и понатаму била несредена. Но, овие проблеми бледнееле во споредба со предизвиците со кои што Рим се соочувал на запад. Иако веќе во годините по Пидна состојбата во Кисалпинска Галија и Лигурија била средена, војните во Хиспанија и понатаму продолжувале и им задавале сериозни потешкотии на Римјаните; згора на тоа, тука било и постојаното прашање за односите со Картагина. Дека ништо нема да се смени на истокот станало уште поверојатно кога во 149 г. ст.е. конечно започнала III Пунска војна, а Картагина се покажала како пожилав и поупорен противник одошто би можело да се очекува.

Можеме само да ги замислиме шокот и неверицата кога сенаторите, чие внимание било свртено кон Картагина, во 148 г. ст. е. дознале дека римската легија испратена да ја среди ситуацијата во Македонија била поразена од Андриск, а заповедникот Публиј Јувентиј Тална загинал на бојното поле. Кој бил овој Андриск, кој успеал да им го нанесе најтешкиот пораз што Римјаните го претрпеле од една хеленистичка војска уште од времето на Пир? Во античките извори тој е наречен лажниот Филип, што се чини создало непотребна конфузија меѓу современите историчари. Имено, често се истакнува дека тој бил наречен Псевдо-Филип бидејќи се претставувал како синот на Персеј, за кого се знаело дека умрел неколку години претходно (меѓу 163 и 160 г. ст. е.) во Алба Фукенс. Меѓутоа, повнимателното читање на изворите покажува нешто сосема друго. Теоријата дека тој се претставувал за синот на Персеј и Лаодика почива на една стара и непотребна емендација во текстот на Ливиј и проблематично толкување на еден пасус кај Полибиј. Андриск никогаш не претендирал дека е Филип синот на Персеј од Лаодика и изворите воопшто и не го поставуваат тоа прашање. Тие го нарекуваат Псевдо-Филип бидејќи се сомневаат дека тој воопшто бил син на Персеј, односно дека имал право да го земе династичкото име Филип. Со други зборови тој е Псевдо-Филип бидејќи е узурпатор на македонскиот трон, кој не е во никакво крвно сродство со Антигонидите.

Впрочем, претензиите на Андриск имале тежина само ако тој се претставувал како незаконски син на Персеј – тврдење што многу потешко би можело да се отфрли, одошто ако се претставувал за Филип за кого сите знаеле дека починал во Алба. Изборот пак на името воопшто не изненадува – со него се врзува златната ера на македонското кралство во времето на Филип II, но исто така и со (претпоставениот) дедо на Андриск – Филип V, кој владеел цели четири децении.

Како што беше споменато, античките историографи му го негираат правото на македонскиот престол и според една традиција, сочувана само кај двајца подоцнежни автори (Luc., Ind., 20; Amm. Marc., 14.11.31), тој бил син на валавичар од Адрамитиј. Верзијата пак, што изгледа дека самиот Андриск ја промовирал е зачувана кај Диодор (32.15.2) и Ливиј (Per., 49). Ова е до толку поважно бидејќи и Диодор и Ливиј за овој период како главен извор го ползувале Полибиј, кој бил современик на овие настани. Според подеталната верзија на Ливиј „Тој пак скроил ваква приказна: син на кралот Персеј и некоја негова љубовница, поради опасностите од војната што овој (sc. Персеј) тогаш ја водел со Римјаните, му бил доверен на чување на некој Критјанин, за да опстане барем некоја фиданка од кралскиот род. Живеел во Хидрамон сѐ до својата дванаесетта година, несвесен за своето потекло и уверен дека човекот што го одгледал му е татко. Тогаш овој се разболел, и кога крајот веќе наближувал конечно му го открил вистинското потекло, а на неговата „мајка“ ѝ предал документ запечатен со печатот на кралот Персеј, за таа да му го предаде на Андриск кога ќе порасне. Со најсвети заклетви ја обврзал да ја чува оваа работа во тајност сѐ додека не дојде вистинското време. Кога пораснал, документот во кој пишувало дека татко му му оставил две ризници му бил предаден на Андриск. Тогаш нему, кој знаел дека е посвоен, но не знаел која му е вистинската фамилија, жената му го открила потеклото и, за да не биде убиен, го преколнувала да ја напушти земјата пред оваа работа да стигне до ушите на Евмен, непријателот на Персеј. Преплашен од ова, а воедно и надевајќи се на некаква помош од Деметриј (sc. I Сотер) заминал за Сирија, каде и за прв пат се осмелил отворено да каже кој е.“ Со оглед на фрагментарноста на изворите невозможно е да се оцени издржаноста на ова тврдење. Хронолошките недоследности во приказот секако не влеваат голема доверба.

Што се однесува до кариерата на Андриск пред да го освои македонскиот престол, деталите и овој пат остануваат непознати, но се чини дека може да се изгради една генерална слика, во секој случај покомплетна од онаа што ја имаме за Македонија по битката кај Пидна. Според една информација зачувана единстве-

но кај Зонара (9.28.2), неколку години пред успешниот обид во с. 150 г. ст. е., Андриск се обидел да го освои престолот но претрпел неуспех. Иако некои научници се сомневаат во вистинитоста на приказот, во суштина нема издржани аргументи за да се отфрли. Напротив, претходниот неуспех дава објаснување за опуштениот и презрив однос на Сенатот кон Андриск во периодот пред тој да ја освои Македонија – штом самите Македонци еднаш веќе го отфрлиле, немало потреба да се грижат за амбициите и тврдењата на една непозната личност со ниско потекло.

Како и да е, потоа Андриск го наоѓаме во Сирија (с. 152 г. ст. е.), на дворот на селевкидскиот владетел Деметриј I. Според Диодор (32.40а), во овој период Андриск бил платеник во служба на Деметриј, а бидејќи наликувал на Филип – синот на Персеј, соборците со подбивање почнале да го нарекуваат син на Персеј. Но, тоа што започнало како шега се претворило во закана за Деметриј I. Имено, околу Андриск, кој ја прифатил улогата, почнале да се собираат приврзаници, па тој и отворено побарал од Деметриј I да му помогне да го освои македонскиот престол. Работите се искомплицирале кога насобраната толпа отворено го повикала Деметриј I или да му помогне на Андриск или ако не е способен да се однесува кралски, да абдицира. Вознемирен од развојот на ситуацијата, Деметриј I го уапсил Андриск и потоа го испратил во Рим. Мора да се признае дека приказот на Диодор е проблематичен од неколку аспекти. Прво, толкувањето дека Андриск почнал да се нарекува син на Персеј бидејќи така бил наречен од своите соборци и дека тоа било доволно да собере значителна група на приврзаници не делува многу убедливо, особено ако се земе предвид информацијата дека тој веќе еднаш се обидел да завладее со Македонија. Второ, прашање е колку Андриск реално можел да преставува непосредна закана за Деметриј I, особено ако се земат предвид крајно неразумните барања на толпата. Зашто, со оглед на политичката состојба во источниот Медитеран, дури и жителите на Антиохија, колку и да биле познати по својот избувлив карактер, мора да увиделе дека дури и да сака, Деметриј I никако не би можел директно да интервенира и да го постави Андриск на македонскиот трон; а дека неговиот престол бил доведен во прашање токму поради Андриск делува речиси неверојатно. Без разлика каква била состојбата во селевкидското кралство, тешко е да се поверува дека народот би прифатил легитимниот претставник на династијата што владеела повеќе од век и половина да биде заменет со некој претендент со сомнително потекло. Андриск несомнено претставувал опасност и непријатност за Деметриј I, но не од причините што ги наведува Диодор. Имено, уште од времето по војната со Антиох III, Сенатот будно

ги следел состојбите во кралството на Селевкидите, при што секој успех бил гледан со недоверба и сомничавост, и во секоја прилика се обидувал дополнително да го ослабне кралството. Ова било до толку поверојатно во случајот на Деметриј I, кој завладеал со кралството спротивно на вољата на Сенатот, откако успеал да побегне од Рим каде живеел како заложник. Според тоа, опасноста не доаѓала од приврзаниците на Андриск, туку од Рим, кој секако не би бил рамнодушен ако Деметриј I одговорел позитивно на барањето. Така, ако ги тргнеме на страна проблематичните и сомнителни елементи од приказот, би можеле да кажеме дека по првиот неуспешен обид во Македонија, Андриск заминал кај Деметриј I во надеж дека од него ќе добие некаква помош. Но, вознемирен од можноста поради Андриск да го навлече гневот на Сенатот, Деметриј I одлучил да го зароби и да го испрати во Рим.

Според изворите, презрен поради дотогашните неуспеси и ниското потекло, Сенатот му наредил на Андриск да живее во некој град во Италија. Според една верзија Андриск набрзо успеал да избега, додека пак според друга, тој едноставно бил ослободен. Како и да е, по заминувањето од Италија го среќаваме во Мала Азија, како се обидува повторно да собере средства и приврзаници за својот потфат. Во Милет неговата приказна привлекла толку внимание и следбеници, што градските магистрати на крајот го затвориле, а одлуката за неговата судбина ја препуштиле на некои римски пратеници кои случајно се нашле во градот. Овие пак, повторно потценувајќи ја опасноста ги советувале градските магистрати да го ослободат. По ослободувањето Андриск продолжил да собира приврзаници, а неговата пропаганда била до толку успешна што на своја страна провлекол дури и Македонци, кои најверојатно емигрирале од родната земја по поразот кај Пидна. Во меѓувреме разбрал дека во Пергам живее некоја Калипа, која порано била љубовница на Персеј и откако успеал да ја убеди во својата приказна, од неа добил финансиска помош, кралска облека, дијадема и двајца робови. По овие успеси, конечно преминал во Европа, и во Бизантиј бил пречекан со големи почести. Крајната цел била Тракија бидејќи разбрал дека една ќерка на Филип V била омажена за еден од локалните династи Терес. Овој не само што го прифатил Андриск со почести, туку и му ставил дијадема на главата, му доделил 100 војници и го препорачал кај останатите династи, од кои собрал уште 100 војници. Згора на тоа, Барсаба, еден од локалните тракиски династи, се согласил да му се придружи во нападот на Македонија.

За жал, токму во овој драматичен момент при навлегувањето во Македонија, завршува зачуваниот дел од приказот на Диодор за дејствувањето на Андриск во Мала Азија и во Тракија

(32.15.3–7). Колку што може да се разбере од крајот на неговиот приказ, се чини дека Андриск во првиот напад во 149 г. ст. е., доживеал пораз од македонските погранични единици и бил принуден да се повлече. Но, во следниот обид истата година, конечно постигнал успех. Според Полибиј (36.17.2–5), четири месеци по првото појавување во близина на македонската граница, Андриск ги совладал Македонците во две битки, прво во земјата на Одомантите, а потоа и западно од реката Стримон. Бидејќи со системот воспоставен по Пидна меридите имале право да држат само мали погранични одреди, кога овие биле поразени, веќе немало војска која би можела да му се спротистави на Андриск кој така успеал да завладее со Македонија и наскоро бил прогласен за крал. За брзината со која Андриск успеал да завладее со Македонија сведочи и запрепастеноста на Полибиј, кој едноставно не можел да верува и да објасни што се случувало – овој Филип „паднат од небо“ (aeoropetes) редел успеси, а Македонците кои биле толку благо третирани од Рим подготвено и одлучно застанале во одбрана на новиот крал.

Во секој случај, Андриск не запрел тука и наскоро во духот на традиционалната македонска политика, навлегол во Тесалија каде изгледа дека исто така имал значителни успеси. Индикативно за тоа колку угледот на Рим опаднал во изминатиот период е тоа што Тесалците не побарале помош од Римјаните, туку од Ахајскиот сојуз. Што се однесува пак до Сенатот, единствена мерка што била преземена е да се испрати Публиј Корнелиј Скипион Насика Коркулум за да ја испита ситуацијата. Според Зонара (9.28), задачата на Скипион Насика била да се обиде да ја разреши ситуацијата по мирен пат. Целта на Насика делува сомнително – и нему и на Сенатот мора да им било јасно дека нивните интереси и интересите на Андриск едноставно се непомирливи и никаков договор не бил возможен без сериозни отстапки, нешто на што тие во никој случај не биле подготвени. Една можност е дека станува збор за официјална пропаганда за вината да му се префрли на Андриск и неговото агресивно однесување, наспроти миројубивата мисија на Насика. Меѓутоа, поверојатно станува збор за уште еден во низата превиди во источната политика на Сенатот. Испраќањето на Насика кој веќе два пати бил конзул, а од 150 г. ст. е. и pontifex maximus несомнено сведочи дека сенаторите биле свесни за сериозноста на ситуацијата, но веројатно не сфатиле колкава опасност Андриск навистина претставува. Тие очигледно се надевале дека испраќањето на еден сенатор со угледот и влијанието на Насика ќе биде доволно за да се смири состојбата. Како што се покажало, уште еднаш погрешно го процениле Андриск – сè што можел да направи Насика е да испрати

извештај во Рим во кој несомнено советувал дека е неопходна воена интервенција. Но, бидејќи ситуацијата барала неопходна акција уште пред да може да пристигне римската војска, Насика собрал војници од сојузниците во Хелада со која очигледно успеал да ја среди состојбата во Тесалија и потоа се приближил до границата со Македонија.

Во меѓувреме, најверојатно во 149 г. ст.е. во Тесалија пристигнала и една римска легија под команда на преторот Публиј Јувентиј Тална. На почетокот на 148 г. ст. е. додека напредувал кон Македонија, Јувентиј Тална бил пресретнат од Андриск во чија војска освен Македонци имало и голем број тракиски сојузници. За текот на битката не знаеме ништо, освен дека завршила со комплетна победа на Андриск. Римјаните претрпеле тешки загуби меѓу кои бил и Тална, а остатоците од разбиената легија успеале да се повлечат под заштита на ноќта. За тежината на поразот зборува и фактот што Ливиј (Per., 50), Евтропиј (Brev., 4.13) и Оросиј (Advers. pag., 4.22.9) го опишуваат како колеж, а Флор истакнува дека Кајкилиј Метел ја одмаздил смртта на Публиј Јувентиј и загубата на неговата легија (Epit.,1.30). Како резултат на оваа победа, Андриск повторно навлегол во Тесалија и опустошил голем дел од земјата.

Овој успех, за каков Филип V и Персеј можеле само да сонуваат, несомнено го издигнал угледот на Андриск меѓу Македонците и ја зацврстил неговата позиција како крал на Македонија. За внатрешната политика на Андриск и односот кон Македонците не знаеме речиси ништо. Според Полибиј (36.17.13), Андриск протерал, измачувал и убил повеќе Македонци од кој било крал пред него. Ова го потврдува и Диодор (32.9а) кој истакнува дека по победата над Јувентиј Тална, Андриск толку се возгордеал што сосема ги занемарил законите и се предал на ѕверска суровост, при што не страдале само богатите Македонци, туку дури и дел од неговите пријатели. Па сепак, со оглед на тоа што Диодор за овој период како главен извор го ползувал токму Полибиј, неговиот приказ нема тежина на независно сведоштво. Што се однесува пак до Полибиј, веќе беше споменато дека неговите анализи за состојбите во Македонија и македонските владетели секогаш мора да се земаат со голема доза на резерва. Меѓутоа, и покрај веројатните претерувања и несомнено непријателската пропаганда, ова не значи дека суштината на приказот на Полибиј треба целосно да се отфрли.

Напротив, дури и би можело да се каже дека отпорот барем кај дел од населението е сосема очекуван. Впрочем првиот неуспешен обид на Андриск неколку години претходно, како и отпо-

рот на македонската војска при неговото повторно навлегување се јасни сведоштва дека тој не ја уживал подршката на целото население. Дури и да го тргнеме настрана расположението на Македонците кон самиот Андриск, за што во суштина ништо и не знаеме, постоеле низа можни причини за отпор кон неговиот потфат. Уште од последните години од владеењето на Филип V засведочено е дека еден дел од владеачкиот слој, кој бил групиран околу помладиот син Деметриј, бил наклонет на соработка со Рим. Иако во текот на III Македонска војна Македонците едно-душно застанале зад Персеј, можеме да претпоставиме дека по поразот кај Пидна барем некои од нив биле подготвени да соработуваат со победникот. Ова е до толку поверојатно ако се земе предвид фактот што најверните соработници на кралот биле протерани од земјата, при што нивните места несомнено биле пополнети од луѓе што биле прифатливи за Рим. Најверојатно токму од овој круг и произлегла иницијативата да се повика Скипион Ајмилијан, кој како син на Ајмилиј Паул ги наследил семејните врски во Македонија. Очекувано, тие не би биле посебно наклонети кон Андриск и неговиот авантуристички потфат. Впрочем и Диодор истакнува дека главни жртви на Андриск биле богатите, или со други зборови – припадниците на владеачкиот слој. Се разбира, ова не значи дека сите тие застанале на страната на Рим, меѓутоа можеме да се запрашаме колкумина од нив навистина верувале во успехот на Андриск.

Дополнителна причина за евентуалниот отпор кон Андриск несомнено бил и фактот што тој не се издигнал на престолот благодарение на подршката од Македонците, туку бил прифатен и подржан од тракиските династи, со чија помош и ја освоил Македонија. Тракиците биле многу постари непријатели од Рим, а презирот, стравот и омразата кон традиционалниот непријател не треба да се потценува.

Истовремено, не смее да се оди и во спротивната крајност и да се претпостави дека тој не наишол на никаква поддршка меѓу Македонците. Идејата за обнова на монархијата и особено за повторното обединување на земјата несомнено претставувала силен поттик за тие да му се придружат на Андриск. Впрочем, токму нивната поддршка и одлучност да се борат за Андриск го збунувала Полибиј до тој степен што на крајот единствено решение што можел да го изнајде е дека врз Македонците се срушила некаква божествена казна од која тие сосема го загубиле разумот. Во крајна линија, фактот што дури и Полибиј мора да признае дека тие покажале особена храброст и ревност во одбрана на Андриск е доволен показател за подршката што тој ја уживал барем меѓу обичните војници.

Па сепак, дека Андриск не успеал да го разреши овој проблем најдобро сведочи фактот што во претстојните борби дел од војската ќе премине на страната на Рим. Ова е до толку позначајно ако се спореди со однесувањето на војската во времето на Филип V и Персеј, кои во ниту еден момент во текот на војните против Рим воопшто и не морале да мислат, а уште помалку пак да се грижат за лојалноста на своите војници. Според тоа, често повторуваната мисла во современата наука дека поради живата и силна монархиска традиција Македонците го прифатиле Андриск со ентузијазам и целосно застанале на негова страна мора да се земе со резерва. Ова е до толку повеќе дискутабилно ако се земе предвид дека дури и во победата над Јувентиј Тална значителен удел имале тракиските одреди, што повторно покажува дека Андриск сè уште морал во значителна мера да се потпира на нивната помош. Со други зборови, поддршката што ја уживал по победата над преторот и успешниот упад во Тесалија, можеби и не е веродостоен одраз за приемот на кој што наишол кога ја освоил Македонија.

Како Андриск планирал да се справи со овие внатрешни предизвици не знаеме зашто воопшто и не добил шанса за такво нешто. Веста за загубата на Јувентиј Тална и неговата легија конечно ги соочила сенаторите со заканата што доаѓала од Андриск. Иако несомнено сериозен психолошки удар, од воен аспект поразот на Јувентиј не претставувал посебно тешка загуба од која римската војска не би можела веднаш да се опорави. Навистина, во изворите често се истакнува дека во овој период Републиката се соочувала со сериозни проблеми при обидите да се регрутира војска. Меѓутоа, причините за ваквата состојба не лежеле во недостатокот од регрутен потенцијал, туку во општествено-економската состојба во Рим. Згора на тоа, овие проблеми главно се однесувале на војните во Хиспанија, што биле крајно непопуларни меѓу римските граѓани. Според тоа, Рим во тој период без поголеми проблеми можел да ја надополни загубената легија, како што впрочем и ќе направи. Предизвикот за Рим се криел во евентуалното понатамошно опаѓање на угледот и влијанието на истокот како резултат на овој пораз, особено што во исто време и ситуацијата во Ахајскиот сојуз постојано се влошувала. Во прашање бил доведен угледот на Рим и впечатокот дека римските легии се непобедливи.

Во момент кога Рим се соочувал со одлучниот отпор на Картагина, и постојаните борби во Хиспанија, ваквиот развој на истокот едноставно бил недопустлив, поготово ако има вистина во информацијата дека во тој момент и Картагинците стапиле во контакт со Андриск. Според Апијан (Lyb., 111) – единствениот из-

вор што го споменува овој настан – Картагинците го охрабрувале Андриск да продолжи со борбата против Рим и ветиле дека ќе му испратат пари и бродови. Приказот е проблематичен од толку многу аспекти што одвај и заслужува да се анализира; но дури и да станува збор за историографска измислица, сепак сведочи за стравувањата во Рим за последиците од поразот на Јувентиј Тална и нарушувањето на римскиот углед. Парадоксално, како што победата кај Калиник ја запечатила судбината на Персеј, така и победата над Јувентиј Тална ја запечатила судбината на Андриск. Рим можел да преговара, да игнорира па дури понекогаш и да биде великодушен кон победените и презрени непријатели, но Рим никогаш не простувал и не заборавал пораз.

Така, веќе истата година во Тесалија се појавила уште една римска војска, овој пат составена од две легии. Збиениот преглед на Зонара е единствениот зачуван континуиран приказ на воените дејствија (9.28). Бидејќи консулите биле зафатени во Галија и Африка, командата му била препуштена на преторот Квинт Кајкилиј Метел, искусен војник кој учествувал во битката кај Пидна во 168 г. ст.е. Истовремено на помош стигнала и пергамската флота што ја испратил Атал II. Загрижен за сигурноста на крајбрежните градови, Андриск се одлучил за одбранбен пристап и се утврдил во близината на Пидна. Во првиот судир меѓу двете коњици, Андриск извојувал победа, но бидејќи пешадијата сè уште не се вмешала во судирот, одлучил да се повлече.

Следниот чекор на Андриск е мошне загадочен и не може да се објасни. Имено, по победата, одлучил да ја подели војската при што тој со еден дел останал во близината на Пидна, додека пак другиот го испратил да ја пустоши Тесалија. Според некои историчари целта на Андриск била да ги искористи немирите во Хелада и да ја загрози задницата на римската војска; додека пак според други одлуката била мотивирана од логистичките проблеми со кои се соочувал Андриск. Ниту едно од понудените решенија не е засведочено во изворите, но и без тоа тие не се многу уверливи. Ако Андриск навистина се соочувал со логистички проблеми попрво би очекувале да се повлече со целата војска во внатрешноста на Македонија, поблиску до главните логистички центри; од друга страна, тој мора да бил свесен дека добивката од евентуалното вклучување во борбата на Хелените од северна Хелада не соодветствува на ризикот од поделба на војската во ситуација кога пред себе ја имал целата римска војска, поготово што уште од ослободувањето по II Македонска војна, Тесалците ќе бидат непомирливи противници на македонските кралеви.

Во секој случај, што и да сакал да постигне со оваа одлука, Андриск направил кобна грешка. Кајкилиј Метел бргу ја искори-

стил шансата што му се пружила и во две битки ја разбил поделената македонска војска. Иако не може со сигурност да се каже, се чини дека прво го поразил Андриск, а потоа и вториот дел од војската. Според Евтропиј (Brev., 4.13), во една од овие битки Македонците загубиле 25.000 војници. Ако оваа бројка е барем приближно точна, таа би можела да се однесува само на битката против оној дел што го командувал Андриск, кој несомнено со себе ја задржал главнината од војската. Изгледа дека успесите на Кајкилиј Метел биле олеснети и со предавството на некои делови од македонската војска. Според Зонара, по првата победа на Метел, македонските војници набрзо ја смениле страната. Овој податок најверојатно треба да се поврзе со приказот на Диодор (32.9b), кој вели дека некој Телест, кој бил назначен за стратег (можеби на оној дел од војската испратен во Тесалија?), заведен од ветувањата на Кајкилиј, заедно со коњицата преминал на страната на Римјаните. Цената за неговото предавство ја платиле неговата жена и деца. Дали овие предавства се случиле пред или по тешкиот пораз што го претрпел Андриск не може да се утврди. Приказот на Зонара упатува на втората можност, но неговиот преглед е толку збиен што се сомневам дека може да се земе како сигурна хронолошка одредница. Од друга страна, фактот што Андриск имал време да ги зароби жената и децата на Телест, врз кои го истурил гневот за предавството, делува поверојатно ако сè уште ја контролирал Македонија, пред да биде принуден да бега.

По претрпениот пораз на Андриск не му останувало ништо друго освен да побегне во Тракија во надеж дека со помош од тамошните династи ќе може повторно да навлезе во Македонија. Но, овој пат не добил можност да организира посериозна сила. Метел со забрзан марш го пресретнал и го принудил на битка пред да ги заврши подготовките. Римјаните извојувале лесна победа – штом претходницата на Андриск била разбиена, останатиот дел од сојузничката војска се разбегал. Андриск повторно успеал да се измолкне, и се засолнил кај тракискиот династ Бисес. Но, веќе и на Тракиците им било доста од него, особено што неговиот неуспех ја довел римската војска во непријатна близина, па Бисес набргу го предал на Кајкилиј Метел. Воените дејствија завршиле пред крајот на бојната сезона во 148 г. ст. е.

Но, работата на Метел не била завршена. Како што известува Касиј Дион (fgr.72), летото 147 г. ст.е. Македонија сè уште не била цврсто под римска контрола. Состојбата најверојатно треба да се поврзе со бунтот на Александар – уште еден претендент кој се претставувал како син на Персеј. Овој Александар успеал да ја окупира територијата по течението на реката Нестос, но неговиот успех бил уште пократкотраен од оној на Андриск и веќе истата

година бил поразен од Метел кој го гонел сè до Дарданија. Иако од приказот на Зонара (9.28.8), кој е единствен извор за оваа епизода, бунтот не може попрецизно да се датира, фактот што Александар бил поразен од Кајкилиј Метел, кој на почетокот на 146 г. ст.е војувал во Хелада, упатува на заклучок дека борбените дејствија најверојатно се одвивале во текот на 147 г. ст.е.

По кусата кампања во Хелада, најдоцна до јуни 146 г. ст.е. Кајкилиј Метел се вратил во Македонија, за неколку месеци подоцна да замине за Рим. Со себе го повел и Андриск кој бил воден во триумфалната поворка, по што најверојатно бил убиен.

Со оглед на брзината со која Метел извојувал потполна победа, во современата литература често се истакнува дека Сенатот сепак бил во право што го презирал и потценувал Андриск, кој на крајот се покажал како многу мала закана. Без разлика дали ќе го прифатиме или не, античките извори очигледно не го делеле ова мислење. Имено, кај повеќе автори судирот со Андриск е наречен III Македонска војна. Дека и во Рим успехот на Кајкилиј Метел не бил сфатен како победа над некој обичен узурпатор или бунтовник, говори и тоа што му бил доделен победнички агномен Macedonicus, голема чест што тогаш за прв пат му била доделена на еден претор. Во крајна линија, дури и создавањето на провинцијата Македонија барем во одредена мера било мотивирано од желбата на Сенатот во иднина да се избегнат слични проблеми. Навистина, само неколку години подоцна (143–142 г. ст. е.) ќе се појави уште еден Псевдо-Филип (или Псевдо-Персеј), кој ќе тврди дека е син на Персеј, но тој воопшто и нема да добие можност да завладее со Македонија бидејќи набргу ќе биде поразен од римската војска (под заповедништво на квесторот Тремелиј Скрофа) што сега веќе била постојано присутна во земјата.

Деталите и прашањата што се однесуваат на проблемот со организацијата на провинцијата веќе излегуваат од рамките на овој труд. Впрочем тие и не се поврзани само со прашањето за провинцијата Македонија, туку со проблемот за структурата и функционирањето на провинцискиот систем воопшто, особено во оваа рана фаза; а тоа се прашања што попрво припаѓаат на римската историја. Сосема на кусо, треба да се истакне дека со проучувањето на провинцискиот систем во последниве децении, вообичаеното сфаќање за ова прашање кое сè повеќе се покажува како премногу круто и лигалистичко, мора значително да се модифицира. Развојот на провинцискиот систем бил многу пофлуиден и етапен, и попрво воден од непосредната состојба на теренот одошто од некој правен принцип. Така на пример, познатите закони за формирање на провинции (leges provinciae) воопшто и

не се засведочени во античките извори и всушност се претпоставка на современите автори. Во таа смисла што се однесува до создавањето на провинцијата Македонија, тоа едноставно значи дека од тој момент во Македонија постојано била стационирана војска и годишно бил испраќан магистрат чија задача во почетокот била речиси исклучиво воена. Дури подоцна, со текот на времето, овие магистрати постепено почнале да ги стекнуваат административните должности и овластувања што се карактеристични за царскиот период.

Во секој случај, одлуката од 146 г. ст.е. да се остави постојана воена сила во Македонија претставува клучен настан и за Рим и за античките Македонци. За Републиката, „создавањето“ на првата провинција источно од Јадранското Море претставува увод не само во новата фаза на ширење на истокот што ќе кулминира неполн век подоцна кога легиите ќе стигнат до Еуфрат, туку и на Балканскиот Полуостров што на крајот, во времето на Октавијан Август ќе резултира со утврдувањето на Дунав како граница на Империјата. За античките Македонци пак, поразот на Андриск и постојаното присуство на римската војска значи и дефинитивен крај на нивната држава – од тој момент историјата на античка Македонија е само дел од историјата на римската држава.

*Селективна литература:*


Benecke P.V.M., „The Fall of the Macedonian Monarchy“, in *CAH* VIII (1930).

Broughton T.R.S., *The Magistrates of the Roman Republic*, vol.1 (509 B.C.–100 B.C.), New York, 1951.

Cardinali G., „Lo Pseudo-Filippo“, *RFIC* 39 (1911).

Derow S.P., „Rome, the fall of Macedon and the sack of Corinth“, in *CAH²* VIII (1989).

De Sanctis G., *Storia dei Romani*, v.4.3, Firenze, 1964.

Eckstein M.A., „Macedonia and Rome, 221–146 BC“, in J. Roisman & I. Worthington (edd.), *A Companion to Ancient Macedonia*, Oxford, 2010.

Errington M.R., *A History of the Hellenistic World*, Malden–Oxford, 2008.

Gruen S.E., *The Hellenistic World and the Coming of Rome*, v.2, Berkeley & Los Angeles, 1984.

Gwyn Morgan M., „Metellus Macedonicus and the Province of Macedonia“, *Historia* 18.4 (1969).

Habicht C., „The Seleucids and their rivals“, in *CAH²* VIII (1989).

Helliesen M.J., „Andriscus and the Revolt of the Macedonians", *AM* 4 (1986).

Helliesen M.J., „Demetrius I Soter: A Seleucid King with an Antigonid Name", in H. J. Dell (ed.) *Ancient Macedonian Studies in Honor of Charles F. Edson*, Thessaloniki, 1981

Kallet-Marx, M.R., *Hegemony to Empire: The Development of the Roman Imperium in the East from 148 to 62 B.C.*, Berkeley & Los Angeles, 1995.

McGing B., „Subjection and Resistance: To the Death of Mithridates", in A. Erskine (ed.), *A Companion to the Hellenistic World*, Oxford, 2003.

Mørkholm O., „Early Hellenistic Coinage. From the Accession of Alexander to the Peace of Apamea (336–188 B.C.)", Cambridge, 1991 (edited by P. Grierson & U. Westermark).

Niese B., „Geschichte der griechischen und makedonischen staaten seit der schlacht bei Chaeronea", t.3 (188–120), Gotha, 1903.

Papazoglu F., *Les villes de Macédoine a l'époque romaine*, Paris, 1988

Papazoglu F., „Quelques aspects de l'histoire de la province de Macédoine", in H. Temporini And W. Haase (Edd.), *ANRW* 2.7.1, Berlin, 1979.

Schwartz E., RE 5 (1905), s.v. Diodoros (38).

Vanderspoel J., „Provincia Macedonia", in J. Roisman & I. Worthington (Edd.), *A Companion to Ancient Macedonia*, Oxford, 2010.

Walbank W.F., *A Historical Commentary on Polybius*, v.3, Oxford, 1979.

Walbank W.F., *Polybius and Macedonia, in F.W. Walbank, Polybius, Rome and the Hellenistic World. Essays and Reflections*, Cambridge, 2002.

Will E., *Histoire politique du monde hellénistique* (323~30 av. J.-C.), t.2 Des avènements d'Antiochos III et de Philippe V a la fin des Lagides, Nancy.

Wilken U., *RE 1* (1894), s.v. „Andriskos" (3).